# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## Здружение на осигурувањето

***Осигурувањето е дејност во рамките на која се врши надомест на штета настаната во стопанството или кај луѓето поради дејство на природни непогоди и несреќни случаи.***




Во рамките на Стопанската комора на Македонија, на 22.02.2005 година се формираше **Здружението на осигурувањето** преку кое членовите на Здружението самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес за соодветната дејност, односно дејности.

Осигурувањето, избегнувањето, ублажувањето и преносот на ризик, ја намалуваат неизвесноста кај поединци или организации. Со осигурувањето се овозможува интелигентно управување со ризикот, со постигнување на стабилност и развој.

# Цели на Здружението на осигурувањето

**Здружението на осигурувањето работи врз основа на следните цели и задачи:**

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста, врши економска пропаганда и организира саеми, изложби, стопански делегации што се од посебен интерес на членовите на Здружението;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на својата дејност, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојува заклучоци и предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- работи на унапредување на бизнис-климата во земјата, ги поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста.




Почитувајќи ги Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на осигурувањето, претседател на Здружението се избира со мандат од 5 години со можност за повторен реизбор. За прв претседател на Здружението на осигурување беше избрана Весна Ѓорчева, претставник на тогашната QBE Македонија АД Скопје.За втор претседател на Здружението на 17.05.2010 година беше избран Трајче Латиновски, претставник на Триглав осигурување АД Скопје. Согласно последниот избор за претседател на Здружението, одржан на 08.07.2013 година за претседател се избра Ило Ристовски, претставник на Сава осигурување АД Скопје.

Здружение на осигурувањето брои 14 членки. Десет компании-членки се во делот на неживотно осигурување и 4 компании-членки се во делот на животно осигурување. Во работата на Здружението се вклучени и останатите институции кои се дел од осигурителниот систем во Република Македонија, односно Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како регулаторно тело и Националното биро за осигурување.

Во состав на Здружението на осигурување, со Заклучок на одржана седница на Здружението на 25.04.2012 година, се формираа и две комисии:

- Комисија за животно осигурување составена од четирите компании членки кои се во дејноста на животно осигурување и
- Комисија за пензиско осигурување составена од двете друштва кои се занимаваат со пензиско осигурување, вклучени во вториот и третиот пензиски столб. Оваа комисија со покрената Иницијатива прерасна во Асоцијација на друштва за управување со приватни пензиски фондови на Република Македонија во склоп на Стопанската комора на Македонија.

# Осигурителниот пазар во Република Македонија

Осигурувањето претставува начин на обезбедување парични средства по пат на здружување на средствата. Тоа е доброволна или на задолжителна основа организирана форма на колективно формирање парични средства за осигурување (фонд за осигурување) врз начелата на заемност и солидарност по пат на здружување на средствата со посредство на специјализирани институции.

Целиот систем на осигурување во Република Македонија правно е базиран врз основа на Законот за супервизија на осигурувања, како и други поединечни закони, подзаконски акти усогласени со легислативата на ЕУ од областа на осигурувањето.

Во Република Македонија, согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвата за осигурување се основаат како акционерски друштва со седиште во Македонија, а дозволата за работа ја добиваат од министерот за финансии. Друштва за осигурување може да основаат домашни и странски физички и правни лица со усвојување одлука за основање и вложување средства во почетниот фонд на друштвото.

Акционерското друштво за осигурување како целина ги врши следниве работи:

- подготвува услови за осигурување;
- ги формира тарифите за премиите;
- подготвува заштита со примена на соосигурување и реосигурување;
- перманентно го следи техничкиот резултат по видови осигурувања;
- презема мерки во подрачјето на тарифите на премиите;
- перманентно го следи целокупното работење;
- презема мерки што ќе овозможат трајно извршување на преземените обврски;
- подготвува општи акти;
- извршува низа други активности што ќе придонесат за успешно функционирање и работење на друштвото за осигурување како целина.



Оперативните работи што ги вршат деловните единици на акционерското друштво за осигурување се следниве:

- склучување договори за осигурување;
- пласирање на одделни ризици во осигурувањето и реосигурувањето;
- увид, процена и ликвидација на штети;
- вложување и пласирање на паричните средства.

Во Република Македонија осигурителните компании се поделени на две групи. Првата група ги вклучува оние што вршат осигурување неживот, а втората група ги вклучува оние компании што вршат осигурување живот.

Компаниите што вршат услуги за осигурување на живот во своите полиси опфаќаат осигурување во случај на доживување, осигурување во случај на смрт, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со поврат на премии.

Компаниите што вршат услуги во делот на неживотно осигурување, своите продукти ги имаат поделено во неколку класи:

- осигурувањето на моторни возила - ги покрива штетите за моторни возила со сопствен погон, освен на пловните, воздухопловните и шинските возила за кои постои посебно осигурување;

- осигурување на имот - ги покрива штетите или губитоци на имот поради природни непогоди, кражби, штети кои можат да настанат од домашните апарати и инсталации, како и сите другу ризици коишто се вклучени во полисата за осигурување;

- осигурување од незгоди - го покрива секое ненадејно и несакано случување, кое главно делува ненадејно, надворешно на телото на осигуреникот и има за последица негова смрт, тотален или делумен инвалидитет, времена онеспособеност за работа или нарушена здравствена состојба за што е неопходна лекарска интервенција;

- патничко осигурување - овозможува заштита и сигурност во текот на привремен престој во странство и гарантира покривање на евентуални трошоци во случај на неопходна медицинска помош заради ненадејна болест или последици од несреќен случај - незгода;

- осигурување на транспорт- се обезбедува осигурителна заштита од ризици кои се идни и независни од





волјата на осигуреникот, и неизвесни, а се случуваат врз стоката која се транспортира и може да биде за копнен, воздушен или воден транспорт;

- општа одговорност - се покрива законската граѓанска одговорност на осигуреникот за штети настанати спрема трети лица при вршење на дејноста на осигуреникот, или од поседување имот, од правен однос, или од одредено својство како извор на опасност;

- осигурување од професионална одговорност - обезбедува заштита во случај на граѓанска парница која е покрената против лице кое врши одредена дејност од страна на негов клиент, поради причинета професионална грешка или материјална штета која е предизвиката во тек на извршување на професијата. Ова осигурување е задолжително за голем број професии;

- земјоделско осигурување - ги осигурува посевите, плодовите и стоката на земјоделските поседи од природни непогоди. Согласно законските прописи во Република Македонија, 60% од премијата за ваквото осигурување е субвенционирана од државата;

- дополнително здравствено осигурување - покрива услуги кои не се покриени со задолжителното здравствено осигурување: еднократен паричен надомест за инвалидност; надомест на трошоците за болничко лекување; комбинација на плаќањата од претходните два случаја.

Главна регулаторна државна инстанца која го контролира целокупниот пазар на осигурување во Македонија е Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО).

Агенцијата за супервизија на осигурување е основана како независно регулаторно тело со надлежности и овластувања да се грижи за законско и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување, со цел заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурителните услуги. Оваа цел Агенцијата ќе ја постигне преку креирање на модерен и ефикасен осигурителен сектор, кој ќе нуди квалитетни осигурителни услуги и ќе даде значителен придонес за натамошен развој на финансискиот сектор во земјата.

# Членови на Здружението на осигурувањето
# (по азбучен ред)

| Ред. број | Друштво за осигурување | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | **АЛБСИГ АД - Скопје** | Адреса: ул.„1737“ бр. 32, влез 1, локал 45, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3122 385<br>Факс: +389 (2) 3215 780<br>Веб-страна: www.albsig.com.mk |
| 2. | **ВИНЕР ОСИГУРУВАЊЕ-ДРУШТВО ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: Владимир Комаров 11а, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3114 333<br>Факс: +389 (2) 3103 489<br>Веб-страна: www.winnerlife.mk |
| 3. | **ВИНЕР ОСИГУРУВАЊЕ-ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: ул. Владимир Комаров 11а, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3231 631<br>Факс: + 389 (2) 3231 632<br>Веб-страна: www.winner.mk |
| 4. | **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** | Адреса: ул. Пиринска 23, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3109 673<br>Факс: + 389 (2) 3118 855<br>Веб-страна: www.graweskopje.com.mk |
| 5. | **ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: Ул. Никола Кљусев бр. 2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3289 301<br>Факс: + 389 (2) 3231 625<br>Веб-страна: www.eurolink.com.mk |
| 6. | **ИНСИГ МАКЕДОНИЈА АД Скопје** | Адреса: Ул. Даме Груев 5/8, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3215 515<br>Факс: + 389 (2) 3215 517<br>Веб-страна: www.insig.com.mk |
| 7. | **КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ АД - Скопје** | Адреса: Св. Кирил и Методиј бр.20, 2 кат, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3215 083<br>+ 389 (2) 3215 883<br>Факс: + 389 (2) 3215 061<br>Веб-страна: www.cro.mk |
| 8. | **КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: Св. Кирил и Методиј бр.20, 2 кат, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3251 100<br>Факс: + 389 (2) 3251 111<br>Веб-страна: www.crosig.mk |

| Ред. број | Друштво за осигурување | Контакт |
| --- | --- | --- |
| 9. | **ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА АД Скопје** | Адреса: Бул. Свети Климент Охридски бр. 26, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3290 760<br>+ 389 (2) 3244 600<br>Факс: + 389 (2) 3290 789<br>Веб-страна: www.insurancepolicy.com.mk |
| 10. | **Осигурување МАКЕДОНИЈА АД - Скопје - Виена Иншуренс Груп** | Адреса: 11 Октомври бр.25, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3115 118<br>Факс: +389 (2) 3137 154<br>Веб-страна: www.insumak.mk |
| 11. | **САВА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** | Адреса: Загребска 28 а, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 5101500<br>Факс: +389 (2) 5101502<br>Веб-страна: www.sava.com.mk |
| 12. | **ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** | Адреса: Бул. Октомвриска револуција 66, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 5102 222<br>Факс: + 389 (2) 5102-297<br>Веб-страна: www.triglav.com.mk |
| 13. | **УНИКА АД - Скопје** | Адреса: Бул. Маркс и Енгелс бр.3, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3109 060<br>Факс: + 389 (2) 3288 800<br>Веб-страна: www.uniqa.mk |
| 14. | **УНИКА - ДРУШТВО ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: Бул. Маркс и Енгелс бр.3, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3288 820<br>Факс: +389 (2) 3215 128<br>Веб-страна: www.uniqa.mk |

| Ред. број | Институции со коишто Здружението соработува | Контакт |
| --- | --- | --- |
| 1. | **АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ** | Адреса: Ул. Васил Главинов бр. 12, ТЦЦ ПЛАЗА, кат 2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3254 050<br>Факс: + 389 (2) 3290 240<br>Веб-страна : www.aso.mk |
| 2. | **НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Скопје** | Адреса: Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 28/3, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3136 172<br>Веб-страна : www.nibm.com.mk |

## Членови на Здружението на осигурувањето


**Издавач:**

**Стопанска комора на Македонија**
Димитрие Чуповски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: ++ 389 2 3244000
Факс: ++ 389 2 3244088
Е-адреса: ic@mchamber.mk

**Текст:**
М-р Снежана Камиловска

**Главен и одговорен уредник:**
Саво Пејчиновски

**Лектор:**
Станка Дамјановска

**Дизајн и графичко уредување:**
Стево Серафимов


## Здружение на осигурувањето


**М-р Јелисавета Георгиева**
Телефон: ++ 389 2 3244030
Факс: ++ 389 2 3244088
Е-адреса: jelisaveta@mchamber.mk
Веб: www.mchamber.mk

**М-р Снежана Камиловска**
Телефон: ++ 389 2 3244061
Факс: ++ 389 2 3244088
Е-адреса: snezana@mchamber.mk
Веб: www.mchamber.mk